Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJEN INDUSTRIALE DHE MENAXHIM ME RREZIQE

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. ДЛ-859/3
07-02-2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 119 став 1 а во врска со член 134 став 2 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија"бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
### за одземање на А-Дозвола за усогласување со оперативен план на ФАРМА-АГРИПРО ДОО увоз-извоз Валандово (Долна Фарма)

1. А- Дозволата за усогласување со оперативен план, на операторот ФАРМА-АГРИПРО ДОО увоз-извоз Валандово (Долна Фарма), бр.11-4035/2 од 02.04.2014 год. се одзема.

### Образложение

Правниот субјект ФАРМА-АГРИПРО ДОО увоз-извоз Валандово (Долна Фарма), носител на А-Дозвола за усогласување со оперативен план бр.11-4035/2 од 02.04.2014 год. согласно процедурата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, има за обврски и задолжувања кои треба да ги реализира во предвидениот рок, редовно да доставува годишни извештаи, да известува за измени во инсталацијата и активноста да ја врши во обем и во време утврдено во А–Дозволата за усогласување со оперативен план.

На 25.12.2019 год. со допис бр.11-6933/1 од страна на Државен инспектор за животна средина доставено е известување во кое известуваат дека е направен вонреден инпекциски надзор на 05.11.2019 год. во кој е констатирано дека инсталацијата не работи.

Со оглед на тоа што инсталацијата ФАРМА-АГРИПРО ДОО увоз-извоз Валандово (Долна Фарма), не е оперативна-активноста не ја врши во обем и во време утврдено во А–Дозволата за усогласување со оперативен план, притоа нема доставено известување за времен прекин во работата на инсталацијата, од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со допис бр.11-803/1 од 22.01.2020 год. беше известена за започнување на постапката за донесување на решение за одземање на А–Дозволата за усогласување со оперативен план.

Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи во согласност со член 119 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија"бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), одлучи за


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

донесување на Решение за Одземање на А–Дозволата за усогласување со оперативен план бр.11-4035/2 од 02.04.2014 год. на операторот ФАРМА-АГРИПРО ДОО увоз-извоз Валандово (Долна Фарма).

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

Правна поука:Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од преку Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во износ од 250 денари уплатени на сметка 840*********сметано од денот на примем на ова решение.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Ирена Николоска
Контролирал: Fatos Balliu
Одобрил: Nazim Aliti
Согласен: Xhezmi Saliu
Директор на Управа за животна средина


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk